СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ
БР.41/21
03.04.2021
СКОПЈЕ

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА АМБАСАДОРИ ЗА АПРИЛ 2019,2020 И АПРИЛ 2021**

Извештајот за работата на Советот на амбасадори (СА) е концизно согледување за двегодишната работа на нашата невладина организација. СА како прва од ваков формат воопшто во седумиопл деценискoто постоење на Македонија формиран е на 8 април 2019 година во Скопје. Од разбирливи причини не го оджавме Годишното собрание минатата година кога пандемијата зазеде поголем степен на инфекцирање на населението во Македонија , нешто што за жал сеуште се случува. Во текот на изминатата година во време на пандемијата имавме интензивни разговори и повремени средби во скратен состав на членови на Извршниот одбор (ИО)

**Основање**

Инцјативата за основање на нашата невладина организација СА како независно, непрофитабилно здружение на амбасадори и поранешни министри за надворешни работи произлезе од колегата Александар Тавчиовски. Идејата беше прифатена од неколку колеги : амбасадорите Халили, Арсовски, Илиевски, Ружин и други кои ги почнаа првите контакти и со други колеги околу изнесување на идејата. После повеќе средби главно во тоагашните приостории на ФОН каде што беше ректор колегата Нано Ружин дојде полека и постапно до профилирање на идните акти, начинот на организација и др. Особено беше голем придонесот на амб. Амб. Мухамед Халили кој го подготви првично основниот текст на Статутот на СА како најзначаен акт за функционирањето на СА согласно постоечката законска регулатива. Голем придонес во изработката на други неоходни акти согласно законската регулатива даде колегата Самоил Филиповски со неговите соработници од адвокатската канцеларија ФИЛИПОВСКИ кои во доста брз рок ги заврщија сите постапки за регистрација на СА во Централниот регистер. Согласно законската регулатива СА како НВО мораше да има банкарска сметка и согласно заклучкот и статутот беа определени амб.Љупчо Арсовски и амб. Иљаз Сабриу да бидат

2.-

овластени потписници во банкатат. Беа направени соодветни одлуки , изјави и потврди кај нотар и сметката беше отворена во НЛБ Банката.
Согласно статутот беше избран Извршен одбор на СА во состав Нано Ружин, Тихомир Илиевски, Ѓорѓи Спасов, Елеонора Петрова , Иљаз Сабриу, Самоил Филиповски, Мухамед Халили , Александра Накева Ружин, Агим Лека, Љупчо Арсовски и Ѓорѓи Филипов
За претседател на СА беше избран амб.Љупчо Аресовски а за потпретседатели амб Мухамед Халили и Александар Тавчиовски. (Согласно Статутот, на Александар Тавчиовски во текот на јуни-јули му престана членството во СА бидејќи беше избран за надворешен советник во кабинетот на Претседателот на Републиката)
Заради соодветна комуникација беа направени соодветни електронски адреси на СА . Идејата за организирање на веб страницата не можеше да ја реализираме од причина

што таков проект бара соодветна организација и редовни финансиски средства кое нешто се однесува на изнаоѓање начин за ангажирање на барем една личност која ќе ги извршува задачите на технички секретар, испраќање на акти, соопштенија до медиумите водење одредена евиденција и сл.Посебно се работеше на идејата за обезбедување на простории на СА за средби и сл. Што како задача ќе остане на нареднитот состав на идниот ИО .

Основањето на СА го следеа необично голем број на преставници на медиумите особено ТВ куќи кои во ударните термини објавија извадоци од текот на првата седница и од излагањата на амбасадорите во изборното работнио тело.

На крајот на овој Извештај е поместен Статутот и Програмата на Советот на амбасадори за да биде како прв Извештај комплетиран со најважните акти на нашата невладина организација.
Придружни информации се и извештаите за финансиското работење

**Состаноци**

По одржувањето на основачкото собрание и телата, ИО ги одржа првите состаноци кои главно се одржуваа во кабинетот на ректорот на ФОН .

Во првите месеци на работата на СА особено на ИО на кои се дискутираше главно на првичните активности пред се обезбедување на средства за основното функционирање на организацијата. Имаше разни предлози , но , сепак, малкумина

3.-

покажаа подготвенст да се ангажираат во изнаоѓање на свои контакти, на личности од познати компании кои би биле донатори во стартот и понатаму без која поддршка една НВО не може или тешко ќе се одржува. Факт е дека дојдовме во период кога таа популрано наречената бизнис фела беше веќе заситена, но и натаму преплавена од барања за донирањем финансирање и сл, што ја отежнуваше акцијата за таква замисла. Благодарение на некои од порано оджувани контакти со со првите луѓе на АЛКАЛОИД амб. Иљаз Сабриу и амб.Љупчо Арсовски го посетија генералниот директор Живко Мукаетов кој ја поздрави иницијативата за формирање на ваква невладина органзиација ( тој е почесен генералн конзул на Кралството Данска). Така во најбрз рок ни беа префрлени на нашата сметка 1000 (илјада) евра во противвредност во денари. Оваа сума беше основа за наше функционирање и подмирување на некои издатоци и активности . Досегашните трошоци се прикажани во Финансискиот извештај за работата на СА за изминатите две години кој е во прилог на Извештајот за двогодишната работа.

За состанците првите месеци од работата се подготвуваа точки за работа (Дневен ред и потоа записници заради потсетување на обврските) . Многу средби се оджуваа подоцна и во градот во одредени локали кои беа практично оперативно корисни особено во подготовка и координирање на првите активности на СА.

**АКТИВНОСТИ**

-На 19 мај стапи на должноста Претседател на Републиката стапи господинот Стево Пендаровски. По тој повод ИО на СА во име на сите членови на Советот испрати честитка која е во продолежение:

---

**СОВЕТОТ НА АМБАСАДОРИ ЈА ЧЕСТИТА ПОБЕДАТА НА СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ**

**ЗА ПЕТТИ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА. ГРАЃАНИТЕ ОДЛУЧИЈА ЗЕМЈАТА ДА ОДИ НАПРЕД И ЈА ИСКАЖАА СВОЈАТА ВОЛЈА ДА ИЗБЕРАТ ЧОВЕК КОЈ СЕ ПРЕТСТАВИ СО ПРОАТЛАНТСКИ И ПРОЕВРОПСКИ СТАВОВИ И НЕСКРИЕНИ ПЛАНОВИ ЗА ПРОСПЕРИТЕТ НА НАШАТА ЗЕМЈА ЗА НАТАМОШНИ НАПОРИ ДА СТАНЕМЕ ПОЛНОПРАВЕН ЧЛЕН НА ЕВОПСКОТО СЕМЕЈСТВО.**
**НЕ ОЧЕКУВА МНОГУ РАБОТА, МНОГУ РЕФОРМИ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЕДИНСТВЕНО ПРЕКУ ПОЧИТУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ, ЗНАЕЊЕТО И ИСПОЛНУВАЊЕТО НА ЗАДАЧИТЕ КОИ ЌЕ СЕ ПРЕПОЗНААТ СО ВИСТИНСКИТЕ РЕЗУЛТАТИ.**
**05.05.2019 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА АМБАСАДОРИ**

**Љупчо Арсовски, амбасадор**

**4.-**

Честитката која беше доставена директно до Кабинетот на Претсеадтелот но и преку медиумите е поместена интегрално во извештајот за да означиме соодветен старт на работата на СА . Истовремено во рамките на тоа наше прво појавување низ медиумите со посебно соопштение и особено за Претсеадтелот Стево Пендаровски кого издвоено го сметаме за пријател и почитувач на Советот на амбасадори , започна една посебна активност на СА.
Соопштенијата во перодот кој следи до одржување на ова Собрание на СА , ќе бидат наш претпозналив знак дека СА е во постојана активна функција и ги следи актуелните настани на меѓународната сцена и особено на она што се однесува како активности на државните раководители на Македонија на меѓународен план и секако она што врзано за евроатлантските интеграции и сосојбите на Блаканот и опкружувањето на нашата земја .

-На иницијатива на амб.Александра Накева Ружин на 13 мај 2019 година Советот на Амбасадори организира средба со Амбасадорот Виеслав Тарка од Министертсвото за надворешни работи на Полска,кој беше во посета на МНР и други институции и организации во својство на координатор на **Самитот за Западен Балкан 2109г. во Познан.** Тема на оваа средба беше непосредно запознавање и размена на мислења околу Очекувањата од Познан за иднината на Берлинскиот процес.

- На иницијатива и предлог на амб .Мухамед Халили потпредседател на СА во првата половина на мај 2019 имавме заедничка средба со Претседателката на **Европското движење во Република Македонија**, проф. д–р Милева Ѓуровска. На средбата ја запознавме со основните цели на формирањето на СА и одредени планови изнесени и во нашите акти и разменивме мислења за можна соработка. Зеадннички беше констатирано дека постојат бројни точки каде што двете невладини организации имаат допирни теми и врзано за тоа со можнсти за заеднички настапи, организрање на дебати, тркалезни маси и сл.

-Во текот на мај на покана на Хелсиншкиот комитет за човекови права претседателот на СА учествуваше на конференцијата **,, Поглавје 23 :македонско сидро или едро ?,,** како дел од проектот МРЕЖА 23 финасиран од страна на Норвешката амбасада во Белград и Балканскиот фонд за демократија.

-На 15 јуни 2019 година во Скопје се одржа тркалезна маса **,,Со партнерство до**

**членство во ЕУ: Северна Македонија во француско-германската перспектива,,**

**5.-**

На дебатата беа поканети повеќе членови на СА (за да земат активно учество како излагачи и дискутанти меѓутоа за жал само претседателот и потпретседателот земаа активно учество на конференцијата (Арсовски и Халили, респективно). Оваа конференција беше во организација на Француската амбасада, Германската амбасада и НВО ,,ЕВРОПСКО ДВИЖЕЊЕ ЗА МАКЕДОНИЈА,,.
Ден пред одржување на Конференцијата францускиот амбасадор Кристиан Тимоние покани неколку членови на СА на коктел во својата резиденција.
Вредно е да се подвлече дека францускиот амбасадор Тимоние покажа голема кооперативност и комуникација кон СА и неколку негови членови (Халили, Наќева – Ружин и Арсовски) . На сознание дека мандатот на амб.Тимоние истекува оваа година се прифати иницијативата група амб на СА го посети во амбасадата пред неговото заминување и му подари посебна Плакета за неговиот придонес и куминкација со Советот на анбасадори. Плакетат му беше предадена од страна на амб Арсовски халили и Илиевски.
Со новојдојдениот амбасадор на Република Франција во Скопје НЕ **Cyrille BAUMGARTNER (Octobre 2020)** амб .Халили направи првични контакти за добредојде со намера за средба , но, до средба поради пандемијата до сега не дојде.

-Во извештајот посебно го издвојуваме оджувањето на Тркалезна маса ,, **,,ПАТОТ КОН НАТО И ЕВРОПСКАТА УНИЈА-ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ,,** Конференцијата беше одржана на 28 јануари 2020 година во Клубот на пратениците . ИО на СА започна од декември 2019 организациони подготовки со значаен придонес на амб.Александра Накева-Ружин, амб Халили , амб Илиевски и Арсовски (дневен ред, покани, соработка со медиумите , изготвување на банер на Советот на амбасдори и др.). Амбасадорот Арсовски и имаше неколку посети кај дел од главните говорници –амбасадори на НАТО членки во Скопје. Сите активности беа реализирани секојдневно во тесна соработка и со голема поддршка од Кабинетот на македонскиот председател Стево Пендаровски. Претседателот Пендаровски беше почесен говорник. Главни говорници беа амбасадорите на Зоран Јанковиќ Шеф на НАТО Мисијата во Скопје и амбасадорот Самуел Жбогар шеф на диполматската мисија на Европската унија во Скопје. Според Програмата главни дискутанти беа амбасадорите на Франција, Италија, САД, и посебно на Хрватска како председавач со ЕУ. Во соодветните материјали за сите учесници беа поместени **Програмата на Советот на амбасадори и целите на нашата значајна мисија** кои беа преведени и на англиски јазик и како пригодна прилка беше наше одлично претставување во дипломатскиот кор. Конференцијата беше следена од голем број претставници на медиумите кои изразија посебен интерес за соодветни изјави на главните говорници и учесници на Тркалезната маса . Собирот доби особено значајно медиумско покривање .
Целосна листа на учесници –говорници е во прилог на Извештајот
Може да се каже дека оваа Конференција беше една од последните кои се одржаа во нашата земја бидејќи набргу потоа во текот на февруари 2020 беа регистрирани првите случаи на заразени македонски државјани со смртоносниот вирус Ковид 19. Од 1 март 2020 започнаа и првите рестрикции врзано за јавни и друг вид масовни собири со цел спречување на ширењето на пандемијата.

-Во изминативе две години во 2019 година март добивме покана од Протоколот на МНР по повод Денот на МНР но, само на име на претседателот на СА.
-По повод Меѓународниот ден на Холокаустот на 27 јануари 2021 година во организација на МНР се одржа он лајн конференција на која на покана на министерот Бујар Османи учествуваше амб Љ.Арсовски.

**СОРАБОТКА СО СЛИЧНИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД СТРАНСТВО И ДРУГИ НВО**
-Кон крајот на 2019 година на инцијатива на амб Халили беше воспоставена првична комуникација со Советот на амбадсадори на Албанија кои имале тесна соработка со Совет на амбасадори на САД. Нашиот совет беше поканет да учествува во заедничка програма која ја инцира американскиот Совет кој најави доаѓање на десттина поранешни амбасадори на САД во посета на Тирана, Косово, Скопје и Атина. Беше предвидена доста интензивна програма со оджување на Тркалезна маса и во Скопје. Посетата требаше да се реализира во мај 2020 но заради пандемијата беше одложена.
-Во втората половина на 2019 СА започна да добива покани за учество на некои активности кои беа огранзирани од страна на ДОБРЕДОЈДЕ МАКЕДОНИЈА (Macedonia Welcome Center) која главно ги реализира во соработка со повеќе амбасади во Македонија.За поканите беа известувани членовите на СА но малкумина беа присутни на инетересни културни манифестации во организација на оваа НВО. На молба на претседателката Емилија Аврамчева за NEWS LETTER на оваа организација амб Арсовски подготви пригодна колумна за КУЛТУРНАТА ДИПЛОМАТИЈА која беше објавена во бројот за март месец 2020.
-Треба да го издвоиме во Извештајот и првото писмо на претседателот на ДИПЛОМАТСКИОТ КЛУБ амб.Викор Габер. Овој ДК веќе егзистира 10 години како невладина органзација а во составот се сегашни и поранешни македонски дипломати од секаков ранг па дури и кадри од адиминистративните служби. Во



писмото (кое беше дистрибуирано до сите членови на СА) беше изразена честитка за формирањето на СА и истакната желба за меѓусебна соработка , организирање заеднички активности од делот на дипломатските проекти кои се планираат во двете организации. На ова писмо беше позитивно одговорено. Имаше можности и за наше учество во подготвка на колумни и статии за списнието или ЛЕТОПИСОТ кој го издава ДК , но, за жал никогаш не дојде до таква соработка иако беа праќани повремено пораки за потреба од соработка.

**СООПШТЕНИЈА ЗА МЕДИУМИТЕ**

Она што особено ќе ја одбележи работата и активностите на СА во изминатите две години се секако **Соопштенијата за медиуми на Советот на амбасадори.** Овие активноси се во делови од овој Извештај спомнати, но, посебно ја издојуваме како активност која се одвиваше континуирано и која Советот на амбасадори го направи препознатлива во јавноста која ги следи особено настаните врзано за меѓународните активности на македонските фунционери и секако МНР како институцаија специјализирана за таа област. Соопштенијата беа секогаш на транспарентен начин подготувани и отворени за вградување на одредени подобрувања на текстовите , посебно апострофирање на одредени состојби и сл. Во подготовките учествуваа сепак , за жал, мал број исти личности при што се издвујуваат првичните иницијати и многу често со готови предлог-текстови на амб,Халили, Илиевски, Наќева-Ружин, Спасов,

Петрова  и Арсовски кој финално ги подготвуваше и дистрибуирање до медиумите во Македонија а копија редовно беше доставувана и до членовите на СА.

**ПОСЕТИ**

Членови на ИО на СА во рамките на активностите а со цел наше претставување со првите личности од државните институци во текот на 2019 направија посети кај Претседателот на Републиката Стево Пендаровски, кај Преседателот на Собранието , Талат Џафери, кај Премиерот Зоран Заев , кај министерката за одбрана Радмила Шекеринска и кај претседателите на собраниските комисии кои имаат надлежности во областа на надворешните работи, НАТО и ЕУ, Артан  Груби, Антонио Милошоски и Никола Поповски. Беше побарана средба и кај тогашниот потпретседател на Владата за должен за соработка со Европската унија , Бујар Османи, но, жал и наше големо изненадување до средба тогаш не дојде. По изборот



на новата влада кога МНР го презеде новиот министер Бујар Османи беше реализирана посета од делегација на СА .

Посетите беа медиумски покриени пред се од претставниците кои се задолжени во соодветните кабинети за односи со јавноста и новинарите.

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊЕ И КОНСТАТЦИИ**

-После три децении независна дипломатија , формирањето на нашата организација „Совет на амбасадори“ како  независно, непрофитабилно здружение на амбасадори и поранешни министри за надворешни работи настојуваше во рамките на можностите да направи преставување во јавноста со цел да помогне во креирањето и успешното имплементирање на надворешната регионална и меѓународна билатерална и мултилатерална политика, ЕУ и НАТО интеграцции. Во изминатите две години  се државме до главните   принципи на нашето дејствување да бидеме  независни, со професионален пристап,со транспарентност и  објективност во овие бурни денови на внатрешен план, на надворешен план. СА имаше забележлив одзив во опсервацијата на состојбите и комуникацијата со државите од непосредното соседство , особено по едностраното настапување посебно на  соседна Бугарија, која го закочи со вето нашиот пат кон европското семејство

-„Советот на амбасадори“,односно негови членови направија соодветно претставување со посетите но и со подоцнежни контакти во разни прилики со Претседателот на Република , Собранието, и Претседателот на Владата на и Министерот за надворешни работи на Република Северна Македонија.

Со одредени активности а во согласност со домашното законодавство и релевантните меѓународни конвенции, веќе направивме првични чекори во заштита на  интересите на сите кадри во македоснката дипломатија со интервенции во неколку фази и постапки во најавата за донесување на нов Закон за МНР. Забележана  беше конкретната интервенција на амб Халили околу Законот за МНР.

Во кусиот период на дејствување „Совет на амбасадори“, настојуваше  во рамките на

можностите да соработува не само со  државните институции надлежни за креирање и спроведување на надворешната политика туку и  со невладини организации и со слични европски и меѓународни здруженија која соработка секако ќе продолжи особено по ослабувањето на пандемијата.